Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 55/0306
15.02 2019 год.
Скопје

13.02.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 февруари 2019 година, врз основа на примена жалба од Бојана Скендеровски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Во изданието на емисијата „Ексклузив“, емитувано на 22 јануари 2019 година на Телевизија „1 ТВ“, прекршен е Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 24 јануари 2019 година, водителка Бојана Скендеровски поднесе жалба за изданието на емисијата „Ексклузив“, емитувано на 22 јануари 2019 година на Телевизијата „1 ТВ“ (www.1tv.mk).

Во жалбата се посочува дека наведената емисија содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „1 ТВ“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од телевизијата одговорија на наводите на жалителот.

Од 1 ТВ ги отфрлаат како целосно неосновани наводите во претставката на Бојана Скендеровски и истакнуваат дека емисијата „Ексклузив“ е од забавен карактер, во која сосема бенигно и на хумористичен начин се коментираат личности и настани од јавниот живот во нашата земја.

Медиумот, меѓу другото, ги отфрла и забелешките за неточно и нефер известување, зашто како што наведува, во емисијата само биле пренесени наводи и мислења на поранешниот сопруг на жалителката во неедитирана форма, на начин како што тој ги искажал. Од телевизијата уверуваат дека информациите во прилогот биле добиени од кредибилен извор, без притоа, да се има сомнежи во нивната веродостојност.

*„Имајќи во предвид дека жалителката е јавна личност, поранешна пејачка, а актуелна водителка на ТВ емисија „Улица Македонија“, истакнуваме дека со самото тоа, жалителката е личност, која самата прифатила да не ужива степен на приватност како личности кои не се дел од јавниот живот, а може со сигурност да се каже дека таа претставува личност која ужива во јавноста и која самата своите приватни информации, случувања и фотографии ги споделува на интернет-социјалните мрежи и со медиумите во нашата земја“*, велат од 1 „ТВ“, кои во прилог на одговорот, посочија и неколку адреси на веб страници, кои го потврдувале наведеното во однос на забелешките на Скендеровски дека била нарушена нејзината приватност.

Од телевизијата ги отфрлаат како неосновани и наводите на жалителката дека оспорената емисија содржела навреда и клевета.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:** „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 февруари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши детален увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најпрво, констатираа дека се работи за видео прилог, емитуван во рамките на емисијата „Ексклузив“, насловен „ТВ водителката Бојана Скендеровски му останала должна голема сума пари на екс сопругот Огнен!“.

Комисијата се согласи дека и покрај тоа што содржината има сензационалистички елементи, сепак, прилогот произлегува од јавниот интерес, а посочената ТВ водителка Бојана Скендеровски е јавна личност и може да подлежи на јавна критика.

Комисијата констатираше дека авторот користи два извора на информации и обезбедува делумно објективна информација, од причина што, новинарот отстапил од основното новинарско правило, да побара став од сите засегнати страни, во случајов, и од водителката Бојана Скендеровски. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него, тие ставови добиваат јавност. Оттука, Комисијата најде дека во оспорениот прилог во емисијата „Ексклузив“ е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојува следниот пасус, кој авторот го пренесува како изјава на анонимен извор:

***„После свадбата, Бојана и Огнен многу се расправаа. Нејзе ја интересираа само пари. После големата кавга Огнен се исели од станот. Тој се жалеше дека неможе веќе да издржи со неа. Кога се исели не му дадоа ништо од скапиот мебел и многу лични негови работи кои ги добија на свадбата, дури ни точакот. Огнен се жалеше***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***дека Бојана му останала должна и многу пари кои никогаш не му ги врати, а и го малтретираше и психички“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во прилогот да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „1 ТВ“ (www.1tv.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595